СЛУЖ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧК

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802 603-1125

Четврток, 21 март 1974
БЕЛГРАД
БРОЈ 14 ГОД. XXX

Цена на овој број е 20 динари. — Претплатата за 1974 година изнесува 350 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756.

**193.**

Врз основа на член 74 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/72), на предлог на Советот на гувернерите, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ДЕЛ НА КАМАТАТА ШТО И ПРИПАЃА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1973 ГОДИНА

1. Од каматата што народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини ја оствариле на кредитите дадени на деловните банки од примарната емисија, на Народната банка на Југославија за 1973 година, согласно со член 74 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини, ѝ припаѓа износот од 646,965.776,85 динари.

2. Делот на каматата што ѝ припаѓа на Народната банка на Југославија за 1973 година од поодделни народни банки на републиките и од народните банки на автономните покраини тие го пренесуваат врз Народната банка на Југославија во следните износи, и тоа:

| | Динари |
|---|---|
| 1) Народната банка на Босна и Херцеговина | 108,121.000 |
| 2) Народната банка на Црна Гора | 16,779.000 |
| 3) Народната банка на Хрватска | 150,585.000 |
| 4) Народната банка на Македонија | 44,715.000 |
| 5) Народната банка на Словенија | 69,509.000 |
| 6) Народната банка на Србија | 165,585.776,85 |
| 7) Народната банка на Војводина | 86,386.000 |
| 8) Народната банка на Косово | 5,285.000 |

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за одредување дел на каматата што ѝ припаѓа на Народната банка на Југославија во 1973 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 42/73).

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 150
13 март 1974 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

**194.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за техничките нормативи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/65, 55/69 и 13/73), сојузниот секретар за стопанство пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ И УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА КОНСТРУКЦИИ ОД ПРЕФАБРИКАТИ ИЗРАБОТЕНИ ОД НЕАРМИРАН И АРМИРАН ГАСБЕТОН И ПЕНОБЕТОН

#### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со одредбите на овој правилник се пропишуваат техничките нормативи и услови што се применуваат при проектирањето и изведувањето на конструкции од префабрикати изработени од неармиран и армиран гасбетон и пенобетон (во понатамошниот текст: конструкциите).

Како префабрикати во смисла на овој правилник се подразбираат обликуваните производи од гасбетон и пенобетон изработени на индустриски начин.

Член 2

Гасбетон, односно пенобетон е ќелиски лесен бетон, кој се добива со стврднување на смеса на врзива, агрегати, вода и средства за создавање на ќелии.

При приготвувањето на гасбетон како средства за создавање на ќелии се употребуваат средства за набрекнување (на пример алуминиумска прав и сл.), а при приготвувањето на пенобетон — средства за создавање на пена (на пр. детергенти и сл.).

Член 3

При проектирањето и изведувањето на конструкции може да се отстапи од одредбите на овој правилник само ако теориски и експериментално е докажано дека таквото отстапување не влијае врз сигурноста на животот или здравјето на луѓето, сообраќајот, соседните објекти и околината.

Член 4

Префабрикатите што служат за изведување на конструкции се изработуваат од следните класи на гасбетон и пенобетон, и тоа:

1) GB — 0,4/15;
2) GB — 0,45/20;
3) GB — 0,5/25;
4) GB — 0,55/30;
5) GB — 0,6/35;
6) GB — 0,65/40;
7) GB — 0,7/45;
8) PB — 0,4/15;
9) PB — 0,45/20;

10) РВ — 0,5/25;
11) РВ — 0,55/30;
12) РВ — 0,6/35;
13) РВ — 0,65/40;
14) РВ — 0,7/45.

Ознаките од став 1 на овој член се однесуваат на волуменската тежина во сува состојба, односно на марката на гасбетон и пенобетон. Волуменската тежина претставува номинална вредност во сува состојба одредена со југословенскиот стандард — JUS M.M1.050.

## II. ГАСБЕТОН И ПЕНОБЕТОН

Член 5

Квалитетот на гасбетон и пенобетон зависи од технолошкиот процес и од физичко-хемиските особини на основните суровини употребени за нивното производство и од средствата за создавање на ќелии.

Структурата на гасбетон и пенобетон мора да биде ќелиеста.

Член 6

Цврстината на притисок на гасбетон и пенобетон во исушена состојба одредена според југословенскиот стандард — JUS M.M1.050 мора, зависно од номиналната волуменска тежина, да им одговара на вредностите одредени во Таблица 1.

**Таблица 1 — Цврстина на притисок на гасбетон и пенобетон**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Номинална волуменска тежина во сува состојба kp/dm³ | 0,4 | 0,45 | 0,5 | 0,55 | 0,6 | 0,65 | 0,7 |
| Просечна цврстина на притисок kp/cm² | 15 | 20 | 25 | 30 | 35 | 40 | 45 |
| Минимална поединечна цврстина на притисок kp/cm² | 12 | 15 | 20 | 25 | 30 | 35 | 40 |

Член 7

Коефициентите на топлотната спроводливост на гасбетон и пенобетон, зависно од нивната класа, се одредени во Таблица 2 на овој член и претставуваат информативни вредности за материјал во сува состојба, односно вредности за материјал во состојба на експлоатација со одредена содржина на влага, со помош на кои се изведуваат пресметките (пресметковните вредности).

**Таблица 2 — Коефициенти на топлотната спроводливост на гасбетон и пенобетон**

| Класа на гасбетон и пенобетон | Коефициент на топлотната спроводливост во сува состојба kcal/mh°C | Пресметковен коефициент на топлотната спроводливост kcal/mh°C |
|---|---|---|
| 0,4/15 | 0,08 | 0,12 до 0,17 |
| 0,45/20 | 0,09 | 0,13 до 0,18 |
| 0 5/25 | 0,10 | 0,14 до 0,19 |
| 0.55/30 | 0,11 | 0,18 до 0,23 |
| 0,6/35 | 0,12 | 0,22 до 0,24 |
| 0,65/40 | 0,13 | 0,23 до 0,25 |
| 0,7/45 | 0,14 | 0,24 до 0,27 |

При утврдувањето на фактичните вредности за коефициентот на топлотната спроводливост (пресметковна вредност) се зема предвид содржината на влагата што нормално се наоѓа во материјалот и која се менува зависно од местото и начинот на употребата на префабрикатот.

При пресметувањето на топлотноизолационата моќ мора да се води сметка влагата во гасбетон и пенобетон да може да настане и поради дифузија на пара низ конструкцијата.

Член 8

Собирањето на гасбетон и пенобетон не смее да биде поголемо од 0,5 mm/m, односно 0,5‰, за што мора да се води сметка при вградувањето на префабрикатите во конструкцијата.

Член 9

Гасбетонот и пенобетонот мораат да бидат отпорни спрема оган.

## III. ПРЕФАБРИКАТИ ОД ГАСБЕТОН И ПЕНОБЕТОН

### 1. Неармирани префабрикати

Член 10

Неармирани префабрикати се:

1) неармирани плочи;

2) ѕидни блокови.

Член 11

Неармираните плочи се употребуваат за термичка заштита и за изведување на неносечки преградни ѕидови.

Член 12

Неармираните плочи што се употребуваат за термичка заштита, се изработуваат од гасбетон или пенобетон од класата 0,4/15; 0,45/20; 0,5/25; 0,55/30 или 0,6/35, при што се земаат предвид пресметковните вредности за волуменските тежини во сува состојба и за коефициентите на топлотната спроводливост одредени во Таблица 3.

**Таблица 3 — Пресметковни вредности на неармираните плочи**

| Класа на гасбетон и пенобетон | Пресметковни волуменски тежини kp/m³ | Пресметковен коефициент на топлотната спроводливост kcal/mh°C |
|---|---|---|
| 0,4/15 | 550 | 0,12 до 0,17 |
| 0,45/20 | 600 | 0,13 до 0,18 |
| 0,5/25 | 670 | 0,14 до 0,19 |
| 0.55/30 | 720 | 0,18 до 0,23 |
| 0,6/35 | 800 | 0,22 до 0,24 |

Член 13

Неармираните плочи што се употребуваат за изработка на неносечки преградни ѕидови, се изработуваат од гасбетон или пенобетон од најмала класа 0,5/25, при што за пресметковна вредност на волуменската тежина во сува состојба се земаат вредностите одредени во Таблица 3 од член 12 на овој правилник.

Член 14

Ѕидните блокови се употребуваат за дигање на неносечки и носечки надворешни и внатрешни ѕи-

дови според статичката пресметка врз основа на дозволените напони.

Член 15

Ѕидните блокови се изработуваат од гасбетон и пенобетон од класата 0,4/15; 0,45/20; 0,5/25; 0,55/30; 0,6/35; 0,65/40 и 0,7/45.

Цврстината, волуменските тежини во сува состојба и коефициентите на топлотната спроводливост на ѕидните блокови мораат да им одговараат на вредностите на квалитетот одредени во Таблица 4, при што за изработка на носечките ѕидови не смеат да се употребуваат блокови со цврстина помала од 25 kp/cm².

**Таблица 4 — Вредности на квалитетот на ѕидните блокови**

| Номинална волуменска тежина во сува состојба kp/dm³ | Пресметковна волуменска тежина kp/m³ | Просечна цврстина на притисок kp/cm² | Пресметковен коефициент на топлотната спроводливост kcal/mh°C |
|---|---|---|---|
| 0,4 | 550 | 15 | 0,12 до 0,17 |
| 0,45 | 600 | 20 | 0,15 до 0,18 |
| 0,5 | 670 | 25 | 0,14 до 0,19 |
| 0,55 | 720 | 30 | 0,18 до 0,23 |
| 0,6 | 800 | 35 | 0,22 до 0,24 |
| 0,65 | 850 | 40 | 0,23 до 0,25 |
| 0,7 | 900 | 45 | 0,24 до 0,27 |

**2. Армирани префабрикати**

Член 16

Армирани префабрикати се:

1) покривни плочи;
2) плочи за тавани;
3) ѕидни плочи.

Член 17

Покривните плочи и плочите за тавани се употребуваат за покривни, односно меѓукатни конструкции на индустриски објекти, станбени згради и други објекти на високоградбата.

Покривните плочи и плочите за тавани се изработуваат од гасбетон или пенобетон од најмала класа 0,5/25 и нивните карактеристики мораат да им одговараат на вредностите на квалитетот одредени во Таблица 5.

**Таблица 5 — Вредности на квалитетот на покривните плочи и на плочите за тавани**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Волуменска тежина во сува состојба без арматура kp/dm³ | 0,5 | 0,55 | 0,6 | 0,65 | 0,7 |
| Пресметковна волуменска тежина kp/m³ | 700 | 750 | 830 | 880 | 930 |

Член 18

Димензиите на покривните плочи и на плочите за тавани, врз основа на статичката пресметка, ги одредува производителот, со тоа што ја гарантира декларираната носивост и уклонот.

Член 19

Покривните плочи и плочите за тавани во надолжниот горни раб мораат да имаат јатор за ставање на додатна арматура

Налегнувањето на плочите врз конструкцијата мора да изнесува најмалку 1/80, но не помалку од 5 cm.

Член 20

Ѕидните плочи, според својата намена и обработка, се делат на вертикални, хоризонтални и преградни и се употребуваат за изработка на надворешни и внатрешни ѕидови на индустриски, станбени и други објекти на високоградбата.

Ѕидните плочи, можат да се произведуваат со федер и јатор, со двестрани јатори и со рамни спојни површини.

Член 21

Вертикалните ѕидни плочи се носечки елементи на катната височина и мораат да бидат симетрично армирани.

Вертикалните ѕидни плочи се изработуваат од гасбетон и пенобетон од најмала класа 0,5/25 и мораат да имаат карактеристики што им одговараат на вредностите на квалитетот одредени во Таблица 6.

**Таблица 6 — Вредности на квалитетот на ѕидните плочи**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Волуменска тежина во сува состојба без арматура kp/dm³ | 0,5 | 0,55 | 0,6 | 0,65 | 0,7 |
| Пресметковна волуменска тежина kp/m³ | 700 | 750 | 830 | 880 | 930 |

Член 22

Дозволените оптоварувања за вертикалните ѕидни плочи со должина до 3 m, а дебелина 15, 20 и 25 cm изнесуваат 3, 4 или 5 kp/cm² респективно. За меѓудебелините важат линеарно интерполираните вредности.

За плочите со должина над 3 m важат 2/3 од вредноста за дозволените вертикални оптоварувања од став 1 на овој член.

Должината на носечките вертикални ѕидни плочи може да изнесува најмногу 4 m.

Вертикалните ѕидни плочи мораат да бидат така димензионирани што да можат да примат хоризонтални оптоварувања од најмалку 110 kp/m².

Член 23

Хоризонталните ѕидни плочи се изработуваат од гасбетон и пенобетон од најмала класа 0.5/25 и мораат да имаат карактеристики што им одговараат на вредностите на квалитетот одредени во Таблица 6 од член 21 на овој правилник.

Член 24

Хоризонталните ѕидни плочи мораат да бидат симетрично армирани за хоризонтални оптоварувања од најмалку 110 kp/m².

Член 25

Плочите за неносечки преградни ѕидови на катна височина се употребуваат за изработка на неоптоварени преградни ѕидови и мораат да бидат симетрично армирани за да можат да ги преземат напрегањата што настануваат при транспортот и ракувањето.

## IV. ЅИДНИ КОНСТРУКЦИИ

### 1. Ѕидови од ѕидни блокови

Член 26

За изработка на носечки и неносечки надворешни и внатрешни ѕидови се употребуваат ѕидни блокови (член 14).

Член 27

Вредностите за дозволените напони на притисок во ѕидовите изработени од ѕидни блокови мораат да им одговараат на вредностите одредени во Таблица 7.

**Таблица 7 — Дозволени напони на притисок во ѕидови од ѕидни блокови**

| Класа на ѕидни блокови | Дозволени напони на притисок во kp/cm² за дебелина на ѕидот од | | |
|---|---|---|---|
| | 15 cm | 20 cm | 25 cm |
| 0,4/15 | 1,0 | 1,3 | 1,5 |
| 0,45/20 | 1,7 | 2,1 | 2,5 |
| 0,5/25 | 2,5 | 3,0 | 3,5 |
| 0,55/30 | 2,7 | 3,2 | 3,7 |
| 0,6/35 | 3,0 | 3,5 | 4,0 |
| 0,65/40 | 3,2 | 3,7 | 4,2 |
| 0,7/45 | 3,5 | 4,0 | 4,5 |

За меѓудебелините на ѕидовите важи линеарната интерполација на вредностите одредени во Таблица 7.

Дебелината на ѕидните блокови за носечките ѕидови мора да изнесува најмалку 20 cm.

Член 28

Во поглед на дозволените напрегања на притисок (Таблица 7) на ѕидовите изработени од ѕидни блокови важи следното:

1) продолжниот цементен малтер мора да има цврстина на притисок од најмалку 25 kp/cm². Ако наместо продолжен цементен малтер се употребува градежно лепило, тоа лепило мора да ги исполнува условите за дозволените напони одредени во Таблица 7 од член 27 на овој правилник;

2) должината на ѕидот мора да изнесува најмалку 90 cm, а најголемата катна височина 3 m;

3) за катните височини помеѓу 3 и 4 m е дозволено само 2/3 од напрегањето одредено во Таблица 7 од член 27 на овој правилник;

4) за должините на ѕидот што изнесуваат помеѓу 60 и 90 cm е дозволено само 3/4 од напрегањето одредено во Таблица 7 од член 27 на овој правилник;

5) при локалното напрегање е дозволено 100% зголемување на вредностите одредени во Таблица 7 од член 27 на овој правилник.

Член 29

Вредностите за коефициентите на минувањето на топлотата (k) за двестрано омалтерисаните ѕидови од ѕидни блокови изработени од гасбетон и пенобетон, се пресметуваат врз основа на вредностите одредени во Таблица 4 од член 15 на овој правилник и Правилникот за техничките мерки и услови за топлотната заштита на згради („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/70).

Член 30

Максимално дозволените вредности за коефициентите на минувањето на топлината за лесни надворешни ѕидови изработени од префабрикати се земаат од Правилникот за техничките мерки и услови за топлотната заштита на згради.

### 2. Ѕидови од армирани плочи

Член 31

За изработка на ѕидови од армирани плочи се употребуваат вертикални и хоризонтални ѕидни плочи.

За скелетни конструкции се употребуваат, по правило, хоризонтални армирани плочи.

Ако треба да се преземат вертикалните оптоварувања што се пренесуваат преку покривот односно таванот, се употребуваат вертикални армирани плочи од катна височина, со тоа што стабилноста на објектот мора да се докаже со статичка сметка.

Вертикалните армирани плочи можат да се употребуваат и за исполнување.

Член 32

Дозволените вертикални оптоварувања за носечките ѕидови од армирани ѕидни плочи се земаат во пресметка на начинот пропишан во член 27 на овој правилник.

За носечки ѕидови не смеат да се употребуваат вертикални ѕидни плочи чија дебелена е помала од 15 cm.

Член 33

Топлотната изолација на ѕидните конструкции од армирани ѕидни плочи се пресметува врз основа на вредностите одредени во Таблица 2 од член 7 на овој правилник и Правилникот за техничките мерки и услови за топлотната заштита на згради.

### 3. Ѕидови од бетон и од неармирани изолациони плочи

Член 34

При контролата на носивоста на ѕидот од бетон и од неармирани изолациони плочи не се зема предвид топлотноизолациониот слој.

Неармираните изолациони плочи можат да се користат како вградена оплата.

Член 35

Вредностите за коефициентите на минувањето на топлината (к) за ѕидовите од бетон и од неармирани изолациони плочи се пресметуваат врз основа на вредностите одредени во Таблица 2 од член 7 на овој правилник и Правилникот за техничките мерки и услови за топлотната заштита на згради.

Член 36

Максималните дозволени вредности за коефициентите на минувањето на топлината за ѕидовите изработени од бетон и од неармирани изолациони плочи се земаат од Правилникот за техничките мерки и услови за топлотната заштита на згради.

### 4. Преградни носечки ѕидови од неармирани ѕидни плочи

Член 37

Преградните неносечки ѕидови од неармирани ѕидни плочи се употребуваат за изведување на неоптоварени внатрешни ѕидови во индустриски, станбени и други објекти на високоградбата.

Член 38

За ѕидовите високи помалку од 3 m дебелината на плочите мора да изнесува најмалку 7,5 cm.

За ѕидовите високи 3 m дебелината на плочите мора да изнесува најмалку 10 cm.

Ѕидовите високи над 3,5 m, а долги над 5 m, мораат да се зајакнат со арматура, и тоа со помош на челични влошки.

Член 39

Неносечките ѕидови од неармирани ѕидни плочи се изведуваат според системот „блок-врски", во согласност со одредбите на член 26 од овој правилник.

Преградните ѕидови мораат да бидат врзани за соседните ѕидови или за конструкцијата на начин кој обезбедува стабилност на конструкцијата.

Во преградните ѕидови вратите се изведуваат во целата височина на катот.

**5. Преградни неносечки ѕидови од армирани плочи на катна височина**

Член 40

Преградните неносечки ѕидови од армирани плочи на катна височина се изведуваат како неоптоварени внатрешни ѕидови.

Член 41

За ѕидовите чија височина е до 3 m, дебелината на плочите мора да изнесува најмалку 7,5 cm.

За ѕидовите чија височина е над 3 m, дебелината на плочата мора да изнесува најмалку 10 cm.

Член 42

Преградните неносечки ѕидови од неносечки армирани ѕидни плочи на катна височина, се изведуваат на начин кој ја обезбедува нивната стабилност во објектот.

Член 43

Во преградните ѕидови вратите се изведуваат во целата височина на катот.

## V. ПОКРИВНИ КОНСТРУКЦИИ

**1. Покривни конструкции од армирани покривни плочи**

Член 44

Покривните конструкции од армирани покривни плочи се употребуваат при изведувањето на покриви на индустриски, станбени и други објекти на високоградбата.

Член 45

Армираните покривни плочи претставуваат градежни елементи, поставени врз носечката конструкција (носачи, ѕидови).

Член 46

Покривните конструкции од армирани покривни плочи над просториите со висока влажност или со агресивни гасови, мораат да се изведат со затиначка брана и на начин кој обезбедува одведување на влагата од тие конструкции.

При проектирањето на покривните конструкции од армирани покривни плочи мораат да се земат во пресметка релативната влажност на воздухот на просторијата што се покрива, внатрешната температура, топлотноизолационата моќ, односите на оптоварувањето и наклонот на покривот.

Член 47

Сите пресметки на покривните конструкции од армирани покривни плочи се изведуваат со коефициентите на спроводливоста на топлината од Таблица 2 од член 7 на овој правилник и според Правилникот за техничките мерки и услови за топлотната заштита на згради.

Член 48

Армираните покривни плочи во статичката пресметка се земаат како слободно налегнати плочи.

Член 49

Сопствената тежина на армираните покривни плочи се утврдува врз основа на вредностите одредени во Таблица 5 од член 17 на овој правилник.

Член 50

Покривот од армирани покривни плочи се заштитува со соодветен покривен материјал.

Минималниот наклон на покривот се одредува зависно од видот на покривниот покривач.

**2. Покривни конструкции од неармирани изолациони плочи**

Член 51

Покривните конструкции од неармирани изолациони плочи се употребуваат за покриви, тераси и сл.

Покривната конструкција од неармирани изолациони плочи мора да се изведе на начин кој обезбедува нејзино проветрување.

Член 52

Коефициентите на минувањето на топлината (k) низ покривната конструкција од неармирани изолациони плочи се пресметуваат врз основа на вредностите на коефициентите одредени во Таблица 2 од член 7 на овој правилник и Правилникот за техничките мерки и услови за топлотната заштита на згради.

Член 53

Покривните конструкции од неармирани изолациони плочи се заштитуваат со погоден покривач.

## VI. МЕЃУКАТНИ КОНСТРУКЦИИ

Член 54

За изработка на меѓукатни конструкции од префабрикати се употребуваат плочите за тавани од член 17 на овој правилник.

Член 55

Плочите за тавани употребени за изведување на меѓукатни конструкции се полагаат, по правило, на ист начин како и покривните плочи.

Член 56

Топлотната изолација се пресметува врз основа на вредностите на коефициентите одредени во Таблица 2 од член 7 на овој правилник и Правилникот за техничките мерки и услови за топлотната заштита на згради.

## VII. РАКУВАЊЕ СО ПРЕФАБРИКАТИ ОД ГАСБЕТОН И ПЕНОБЕТОН

**1. Испорака и транспорт**

Член 57

Префабрикатите се испорачуваат поврзани со лента во пакети, односно сложени на палети.

Член 58

За натовар и истовар на префабрикатите се користат дигалки со специјални фаќалки. Се дозволува и користење на едноставни уреди, како и рачен натовар, односно истовар.

При транспортот материјалот мора да биде заштитен од атмосферски врнежи.

2. Складирање

Член 59

Армираните плочи се складираат на гредички кои се поставуваат на оддалеченост од 50 cm од рабовите на плочите.

Покривните плочи и плочите за тавани мораат да се складираат со јаторите свртени нагоре.

Неармираните производи се слагаат, одвоено по видовите и волуменските тежини, на рамна и сува подлога.

Член 60

За сето време на складирањето на градилиштето, сите префабрикати мораат да бидат заштитени од директно влијание на атмосферски врнежи и теренска вода.

3. Транспорт на градилиште и обработка

Член 61

Внатрешниот транспорт и монтажата на префабрикатите на градилиштето се вршат со специјални колички, виличести рачни колички, дигалки со соодветни фаќалки и сл., а според упатството на производителот.

Член 62

Дозволено е префабрикатите да се обработуваат на градилиштето со дрводелски алат, со дупчалки и со глодалки, и тоа само според упатството на производителот.

Не е дозволена употребата на удирен алат.

Член 63

Не е дозволено конструкциите да се оптоваруваат и да се воведуваат инсталации додека врзивото помеѓу елементите доволно не се зацврсти.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 64

Одредбите на овој правилник ќе се применуваат врз конструкциите чие изведување ќе започне по 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 65

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

7 - бр. 4731/73
7 март 1974 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
**Бошко Димитриевиќ**, с. р.

195.

Врз основа на член 19 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ТАРИФАТА ПО КОЈА СЕ НАПЛАТУВААТ НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШАТ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА, НАРОДНИТЕ БАНКИ НА РЕПУБЛИКИТЕ И НАРОДНИТЕ БАНКИ НА АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ

1. Во Одлуката за тарифата по која се наплатуваат надоместоците за услугите што ги вршат Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/73) во точка 8 во табелата, во забелешката кон тар. ст. 1 и 2 по став 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„По дознаките од странство и по дознаките во странство во корист, односно на товар на девизните сметки и на девизните штедни влогови на граѓаните, надоместокот по тар. ст. 1 и 2 не се наплатува."

Досегашните ст. 6 и 7 стануваат ст. 7 и 8.

По тарифниот став 4 се додава нов тарифен став 4а, кој гласи:

| | |
|---|---|
| „4а. Уплата на валути на девизните тековни сметки на овластените банки кај Народната банка на Југославија | 0,25% (од сто)". |

Во тарифниот став 9 по зборот: „акредитиви" зборот: „на" се заменува со зборот: „кај".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 26
13 март 1974 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
**Бранислав Чолановиќ**, с. р.

196.

## ОБРАСЦИ

### СПОРЕД КОИ СЕ ВРШАТ ПООДДЕЛНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР И ОТПОВИК НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

**Образец бр. 7**

Записник за работата на кандидационата конференција на ССРН, на која се утврдува листата на кандидатите за делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ според одредбата на член 39 од Законот.

Записникот се составува во три примероци, од кои еден и се доставува на републичката односно на покраинската изборна комисија, а вториот примерок на Сојузната изборна комисија.

ЗАПИСНИК

ЗА РАБОТАТА НА КАНДИДАЦИОНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СОЈУЗ НА РАБОТНИОТ НАРОД НА ———————, ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ДЕЛЕГАТИ ШТО СЕ ИЗБИРААТ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

1. Кандидационата конференција се одржува на ——— во ——————— и почна со работа во ——— часот.

2. Кандидационата конференција ја свика ——— (име ——————————, претседателот на Републич-
и презиме)

[1] Овие обрасци се составен дел на Упатството за единствените стандарди за изборниот материјал и за обрасците за вршење на поодделни дејствија во постапката за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/74).

ката (Покраинската) конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на ——————.

3. Кандидационата конференција ја отвори претседателот на Републичката (Покраинската) конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на ——————.

4. По отворањето на Кандидационата конференција се премина кон избор на работно претседателство на Кандидационата конференција. Конференцијата едногласно (со мнозинство гласови) за членови на претседателството на Кандидационата конференција ги избра:

1) ——————————————————;
(име и презиме, занимање и адреса)

2) ——————————————————;
(име и презиме, занимање и адреса)

3) ——————————————————; итн
(име и презиме, занимање и адреса)

Кандидационата конференција потоа го избра за записничар ——————————.
(име и презиме, занимање и адреса)

5. Претседавачот утврдува дека на Кандидационата конференција присуствуваат —————— (со букви: ——————) членови, а дека се избрани вкупно —————— (со букви: ——————).

6. Претседавачот утврдува дека на Кандидационата конференција е присутно мнозинство од членовите и дека Конференцијата може полноважно да одлучува, а потоа објавува дека Конференцијата е свикана заради утврдување на листата на кандидатите во најмалку онолкав број колку што делегати се избираат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

(Бидејќи не е присутно мнозинство од членовите, Кандидационата конференција е одложена и закажана за ———, во ——— часот).

Претседавачот потоа го објасни начинот на работата на Кандидационата конференција (ги чита одредбите на чл. 36 до 48 од Законот и соодветниот дел од правилата на ССРН).

7. На предлог од претседавачот, Кандидационата конференција утврди

Дневен ред:

1) Запознавање со списокот на правноисправно предложените кандидати за делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, што го состави Републичката (Покраинската) изборна комисија.

2) Составување предлог на листата на кандидатите за делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

3) Гласање за предлогот на листата на кандидатите и утврдување на листата на кандидатите за делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

8. Претседавачот го чита списокот на правноисправно предложените кандидати што го состави Републичката (Покраинската) изборна комисија.

Списокот содржи вкупно ——— правноисправно предложени кандидати.

9. Потоа се пристапи кон составување предлог на листата на кандидатите. Во предлогот на листата на кандидатите се внесени, по азбучен (абецеден) ред, сите правноисправни предложени кандидати од списокот што го состави Републичката (Покраинската) изборна комисија, а чија кандидатура ја поддржала најмалку една десеттина од сите членови на Кандидационата конференција. Во предлогот на листата на кандидатите се внесени:

1) ——————————————————;
(име и презиме, датум на раѓањето, занимање, национална припадност, означување на делегацијата чиј член е)

2) ——————————————————;
(име и презиме, датум на раѓањето, занимање, национална припадност, означување на делегацијата чиј член е)

Претседавачот објавува дека во предлогот на листата има —————— кандидати од составот на делегациите на основните организации на здружениот труд.

10. По завршеното составување на предлогот на листата на кандидатите, претседавачот соопштува дека е потребно да се изберат два члена на Кандидационата конференција со чија помош ќе раководи со гласањето за предлогот на листата на кандидатите.

По овој предлог се избрани:

1) ——————————;
(име и презиме)

2) ——————————.
(име и презиме)

Потоа претседавачот соопшти дека се прекинува работата на Кандидационата конференција заради приготвување за гласањето за предлогот на листата на кандидатите и дека продолжувањето на работата на Кандидационата конференција е закажано за ——— часот.

11. Кандидационата конференција ја продолжи работата во ——— часот. Претседавачот го објаснува начинот на гласањето[1]), а потоа со прозивка по списокот на секој член на Кандидационата конференција му го предава предлогот на листата на кандидатите и ги повикува да пристапат кон гласање, повикувајќи се на член 39 од Законот според кој во листата на кандидатите најмалку половината мора да биде од составот на делегациите на основните организации на здружениот труд.

Вкупно гласале ——— членови на Кандидационата конференција.

12. Откако гласањето е завршено, претседавачот со двајца членови на Кандидационата конференција пристапува кон утврдување на резултатите на гласањето.

13. По утврдувањето на резултатите на гласањето, претседавачот објавува колку кој кандидат добил гласови и кои кандидати добиле мнозинство гласови од сите членови на Кандидационата конференција.

14. Потоа претседавачот утврдува дали мнозинство гласови од сите членови на Кандидационата конференција добиле најмалку половина од кандидатите што добиле потребно мнозинство се од составот на делегациите на основните организации на здружениот труд.

Откако е утврдено дека мнозинство гласови од сите членови на Кандидационата конференција добиле најмалку триесет (дваесет) кандидати и дека најмалку половина од кандидатите што добиле потребно мнозинство се од составот на делегациите на основните организации на здружениот труд, се премина кон утврдување на редоследот на кандидатите што се внесуваат во листата на кандидатите (член 44 став 1 од Законот).

(Бидејќи е утврдено дека мнозинство гласови од сите членови на Кандидационата конференција не добиле најмалку триесет односно дваесет кандидати или дека најмалку половина од кандидатите што добиле потребно мнозинство не се од составот на делегациите на основните организации на здружениот труд, претседавачот објавува дека се пристапува кон повторно гласање и дека гласањето ќе се повторува сé додека не се постигне потребен број кандидати односно соодветен социјален состав на кандидатите.)

15. Откако гласањето е завршено и резултатите на гласањето утврдени, претседавачот објавува дека за кандидати за делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ се прифатени и дека се внесуваат во листата на кандидатите по овој ред (член 44 од Законот):

1) ——————————————————;
(име и презиме, датум на раѓањето, занимање, национална припадност, означување на делегацијата чиј член е и во колку делегации е предложен)

добил ——————— (со букви: ———————) гласови;

2) ——————————————;
(име и презиме, датум на раѓањето, занимање, национална припадност, означување на делегацијата чиј член е и во колку делегации е предложен)

добил ———— (со букви: ————) гласови; итн.

16. Бидејќи дневниот ред е исцрпен, Кандидационата конференција ја заврши работата во ——— часот.

Записничар, Претседавач,

———— ————

Членови на работното претседателство,

1) ————

2) ———— итн.

Членови на Кандидационата конференција:

(што му помагале на претседавачот)

1) ————

2) ————

1) За кандидатите распоредени во предлогот на листата на кандидатите, кандидационата конференција одлучува со тајно гласање (член 41 став 5 од Законот).

**Образец 7а**

Записник за работата на кандидационата конференција на ССРН на која се утврдува листата на кандидатите по делови или на друг соодветен начин за делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ според одредбата на член 40 од Законот.

Записникот се составува во три примероци, од кои еден ѝ се доставува на републичката, односно на покраинската изборна комисија, а вториот примерок на Сојузната изборна комисија

## ЗАПИСНИК

## ЗА РАБОТАТА НА КАНДИДАЦИОНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СОЈУЗ НА РАБОТНИОТ НАРОД НА ———— ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА КАНДИДАТИТЕ, ПО ДЕЛОВИ ИЛИ НА ДРУГ СООДВЕТЕН НАЧИН, ЗА ДЕЛЕГАТИТЕ ШТО СЕ ИЗБИРААТ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

(Точ. 1 до 8 од овој записник се исти како и точ. 1 до 8 во Записникот за работата на Кандидационата конференција на ССРН заради утврдување на листата на кандидатите за делегатите што се избираат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ според одредбата на член 39 од Законот — образец бр. 7).

9. Заради обезбедување соодветен состав на делегати, Кандидационата конференција донесува одлука листата на кандидатите да се утврди по соодветните делови:

дел I ———— (назив на делот) и
дел II ———— (назив на делот) итн.

Конференцијата го утврдува најмалиот број на кандидати за секој дел на листата на кандидатите, како и бројот на делегатите што во секој дел се избира во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ:

од дел I се утврдува најмалку ——— кандидати, а се избира ——— делегати;

од дел II се утврдува најмалку ——— кандидати, а се избира ——— делегати; итн.[1])

10. По донесувањето на одлуката од точка 9 на записникот, работното претседателство презема што е потребно списокот на правноисправно предложените кандидати што го доставила републичката (покраинската) изборна комисија да се приготви за составување предлог на листата на кандидатите по делови. За таа цел ги одредува прекинувањето на работата на конференцијата и нејзиното продолжување во ——— часот.[2])

11. Потоа се пристапи кон составување на предлогот на листата на кандидатите по делови.

Во предлогот на секој дел на листата на кандидатите се внесени сите кандидати по азбучен, односно абецеден ред од списокот на правноисправно предложените кандидати, чија кандидатура ја поддржала најмалку една десеттина од сите членови на Кандидационата конференција:

I. Кандидати ———————— состав

1. ——————————;
(презиме и име на кандидатот, датум на раѓањето, занимање, национална, односно друга припадност, означување на делегацијата чиј член е)

2. ——————————;
(презиме и име на кандидатот, датум на раѓањето, занимање, национална, односно друга припадност, означување на делегацијата чиј член е)
итн.

II. Кандидати ———————— состав

1. ——————————;
(презиме и име на кандидатот, датум на раѓањето, занимање, национална, односно друга припадност и означување на делегацијата чиј член е)

2. ——————————;
(презиме и име на кандидатот, датум на раѓањето, занимање, национална, односно друга припадност и означување на делегацијата чиј член е)
итн.

(Точ. 12 и 13 од овој записник се исти како соодветните точки на образецот бр. 7).

14. Претседавачот објавува колку кој кандидат од предлогот на листата на кандидатите добил гласови и кои кандидати добиле мнозинство гласови. Потоа претседавачот соопштува дека резултатот на гласањето ѝ одговара на одлуката од точка 9 на записникот, така што секој дел од листата на кандидатите има најмалку онолкав број кандидати колку што е утврдено со таа одлука.[3])

(Откако е утврдено дека резултатот на гласањето не ѝ одговара на одлуката од точка 9 на записникот, претседавачот објавува дека се пристапува кон повторно гласање и дека гласањето ќе се повторува сѐ додека не се постигне резултат на гласањето што ѝ одговара на одлуката од точка 9 на записникот).

15. Откако гласањето е завршено и резултатите на гласањето утврдени, претседавачот објавува дека за кандидати се прифатени и дека се внесуваат во листата на кандидатите по свој ред (член 44 на Законот, за секој дел на листата на кандидатите).

I. Кандидати ———————— состав

1. ——————————
(презиме и име, датум на раѓањето, занимање, национална, односно друга припадност и означување на делегацијата чиј член е)

добил ———— (со букви: ————) гласови;

2.[2] ———————————
(презиме и име, датум на раѓањето, занимање, национална, односно друга припадност и означување на делегацијата чиј член е)
добил ——— (со букви: ———)
гласови;
итн.

II. Кандидати ——————— состав
1. ———————————
(презиме и име, датум на раѓањето, занимање, национална, односно друга припадност и означување на делегацијата чиј член е)
добил ——— (со букви: ———)
гласови;

2. ———————————
(презиме и име, датум на раѓањето, занимање, национална, односно друга припадност и означување на делегацијата чиј член е)
добил ——— (со букви: ———)
гласови;
итн.

16. Откако дневниот ред е исцрпен, Кандидационата конференција ја заврши работата во ——— часот.

Записничар, Претседавач,
——————— ———————

Членови на работното претседателство,
1) ———————
2) ———————

Членови на Кандидационата конференција,
(што му помагале на претседавачот)
1) ———————
2) ———————

———

[1]) Збирот на броевите на делегатите што според одлуката на Кандидационата конференција се избира од секој дел мора да биде еднаков со бројот на делегатите што се избира во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ од секоја република односно автономна покраина (член 2 од Законот), додека збирот на најмалиот број на кандидатите за секој дел на кандидатската листа зависи од одлуката на Кандидационата конференција и не е ограничен со Законот.

[2]) Дејствието од оваа точка е предвидено само за да се олесни составувањето на предлогот на листата на кандидатите по делови, и не е задолжително.

[3]) Ако Кандидационата конференција не одлучила и социјалниот состав означен во член 39 на Законот да се обезбеди на начинот предвиден во член 40 на Законот, мора уште да се утврди и тоа дали најмалку половина од кандидатите од секој дел на листата, односно од сите делови на листата на кандидатите заедно, се од составот на основните организации на здружениот труд, со што се обезбедува примена на одредбата на член 39 од Законот.

**Образец бр. 15**

Оглас со кој се објавува листата на кандидатите за делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, потврдена од страна на републичката односно покраинската изборна комисија, во службениот весник на републиката односно на автономната покраина (член 53 став 1 од Законот).

ОГЛАС

Републичката (Покраинската) изборна комисија на ———————, врз основа на член 53 став 1 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, ја потврди листата на кандидатите за делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ:

(точен препис на листата)

Листата на кандидатите за делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ е утврдена од страна на Републичката (Покраинската) кандидациона конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на ———————, на ——— година.

Републичката (Покраинската) изборна комисија на ———————

Во ———————, на ——— година
Бр. ———————

Секретар, Претседател,
——————— ———————

**Образец бр. 16**

Гласачко ливче за избор на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ (чл. 39 и 58 од Законот)

ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ

Избор на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ одржан на ——————— година

Собрание на општината ———————

Кандидати:

1. ———————————,
(презиме и име)

2. ———————————,
(презиме и име)

итн.

(М.П.)

**Образец бр. 16а**

Гласачко ливче за избор на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ (чл. 40 и 58 од Законот)

ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ

Избор на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ одржан на ——————— година.

Собрание на општината ———————

I. Кандидати: ——————— состав
1. ———————————
(презиме и име)
2. ———————————
(презиме и име)
итн.

II. Кандидати ——————— состав
1. ———————————
(презиме и име)
2. ———————————
(презиме и име)
итн.

(М.П.)

**Образец бр. 17**

Записник за работата на седницата на собранието на општината на која се врши избор на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ (член 63 од Законот).

Записникот се составува во три примероци, од кои два и се доставуваат на општинската изборна комисија.

ЗАПИСНИК

ЗА РАБОТАТА НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА ——————— НА КОЈА СЕ ВРШИ ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

1. Заедничката седница на сите собори на Собранието на општината е одржана на ———— година, во ————, со почеток на работата во ———— часот.

2. Седницата ја свика ————————————
(име и презиме)
претседателот на Собранието на општината.

3. Седницата ја отвори претседателот на Собранието на општината.

4. По отворањето на седницата се премина кон избор на работно претседателство.

На седницата едногласно (со мнозинство гласови) се избрани за претседавач и за членови:

1. ————————————————————————,
(име и презиме, занимање и адреса)

2. ————————————————————————,
(име и презиме, занимање и адреса)

3. ————————————————————————.
(име и презиме, занимање и адреса)

Потоа на седницата за записничар е избран:
————————————————————————————
(име и презиме, занимање и адреса)

5. Претседавачот утврдува дека на седницата присуствуваат ———— (со букви: ————————) делегати од вкупниот број ———— (со букви: ———— ————) делегати од сите собори на општинското собрание.

Од Соборот на здружениот труд присуствуваат ———— делегати од вкупниот број делегати ———— на тој собор.

Од Соборот на месните заедници присуствуваат ———— делегати од вкупниот број ———— делегати на тој собор.

Од Општествено-политичкиот собор присуствуваат ———— делегати од вкупниот број ———— делегати на тој собор.

6. Претседавачот утврдува дека на седницата е присутно мнозинство од делегатите на секој собор и дека Собранието може полноважно да пристапи кон избор на делегатите, а потоа објавува дека заедничката седница на сите собори е свикана заради избор на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

(Бидејќи не е присутно мнозинство од делегатите на секој собор седницата е одложена и нова е закажана за ———— година, во ———— часот).

Претседавачот потоа го објаснува начинот на гласањето (ги чита одредбите на чл. 57 до 62 од Законот).

7. Претседавачот објавува дека се примени ———— (со букви: ————————) заверени гласачки ливчиња и заверен оглас за потврда на кандидатурите за делегати.

8. Претседавачот со прозивка по списокот на секој делегат му предава гласачко ливче и ги повикува да пристапат кон гласање.

Вкупно гласале ———— делегати на Собранието на општината. Гласањето е завршено во ———— часот.

9. Откако гласањето е завршено, претседавачот со двајца членови на работното претседателство пристапува кон утврдување на резултатите на гласањето.

10. По утврдувањето на резултатите на гласањето (член 39 од Законот) претседавачот објавува колку кој кандидат од листата на кандидатите добил гласови:[1])

1. ———————————— добил ———— (со
(презиме и име)
букви: ————————————) гласови;

2. ———————————— добил ———— (со
(презиме и име)
букви: ———————————— гласови;
итн.

Според резултатите на гласањето мнозинство гласови на присутните делегати добиле кандидатите запишани во листата на кандидатите под редните броеви:

————————————, ————————————
(презиме и име) (реден број на листата)

————————————, ————————————
(презиме и име) (реден број на листата)

Во смисла на одредбите на член 62 став 4 од Законот за неважечки се прогласени ———— (со букви: ————————) гласачки ливчиња[2])

10а. По утврдувањето на резултатите на гласањето (член 40 од Законот) претседавачот објавува колку кој кандидат од листата на кандидатите по делови добил гласови:[1])

I. Кандидати ———————————— состав

1. ———————————— добил ———— (со
(презиме и име)
букви: ————————————) гласови;

2. ———————————— добил ———— (со
(презиме и име)
букви: ————————————) гласови;
итн.

II. Кандидати ———————————— состав

1. ———————————— добил ———— (со
(презиме и име)
букви: ————————————) гласови;

2. ———————————— добил ———— (со
(презиме и име)
букви: ————————————) гласови;
итн.

Според резултатите на гласањето мнозинство гласови на присутните делегати добиле кандидатите внесени во листата на кандидатите по делови под редните броеви:

I. Кандидати ———————————— состав

————————————, ————————————;
(презиме и име) (реден број на соодветниот дел на листата)

————————, ————————;
(презиме и име) (реден број на соодветниот дел на листата)

итн.

II. Кандидати —————————— состав

————————, ————————;
(презиме и име) (реден број на соодветниот дел на листата)

————————, ————————;
(презиме и име) (реден број на соодветниот дел на листата)

итн.

Во смисла на одредбата на член 62 став 4 од Законот за неважечки се прогласени ——————— со букви: ———————) гласачки ливчиња.[2])

11. При утврдувањето на резултатите на гласањето не се појави разлика помеѓу вкупниот број на предадените гласачки ливчиња и бројот на присутните делегати.

(Бидејќи при утврдувањето на резултатите на гласањето се утврди дека бројот на предадените гласачки ливчиња е помал од бројот на присутните делегати, резултатот на гласањето се утврди според бројот на предадените гласачки ливчиња.

Бидејќи при утврдувањето на резултатите на гласањето се утврди дека бројот на предадените гласачки ливчиња е поголем од бројот на присутните делегати, гласањето се повторува.)

12. Претседавачот го објави резултатот на гласањето и ја заклучи седницата.

Седницата е завршена во ——— часот.

Записничар, Претседавач,

———————— ————————

Членови на работното претседателство,

1. ————————
2. ————————

[1]) Во овој дел на записникот редоследот на кандидатите се внесува според редоследот на заверената листа на кандидатите.

[2]) Овде би требало да се наведе бројот на неважечките ливчиња по групите на причините за неважноста како што се означени во одредбата на член 62 став 4 од Законот.

**Образец бр. 18**

Записник од работата на седницата на општинската изборна комисија, на која се цени правноисправноста на изборот на делегатите во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ извршен на седницата на Собранието на општината (член 64 став 2 од Законот).

Записникот се составува во два примероци, од кои еден и се доставува на републичката, односно на покраинската изборна комисија.[1])

З А П И С Н И К

ЗА РАБОТАТА НА СЕДНИЦАТА НА ОПШТИНСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ——————— ОДРЖАНА ЗАРАДИ РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРАВНОИСПРАВНОСТА НА ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ, ИЗВРШЕН НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА ——————— ОДРЖАНА НА ——————— ГОДИНА

1. Седницата на Општинската изборна комисија се одржува на ——————— година, во ——————— и почна со работа во ——— часот.

2. На седницата присуствуваат: претседателот ———————, секретарот ———————, ——————— и членовите: ———————.

3. Општинската изборна комисија го прими записникот за работата на седницата на Собранието на општината ——————— на која се вршел избор на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ со целокупниот изборен материјал.

4. Потоа Општинската изборна комисија го разгледа целокупниот изборен материјал од становиштето на примената на одредбите на Законот и утврди дека изборите се (не се) правноисправно спроведени во согласност со одредбите на Законот (ако не се, да се наведат неправилностите).

5. Седницата на Општинската изборна комисија е завршена во ——— часот.

Секретар, Претседател,

———————— ————————

[1]) Во прилог на овој записник се доставува целокупниот изборен материјал што општинската изборна комисија го добила од општинското собрание.

**Образец бр. 19**

Решение на републичката, односно на покраинската изборна комисија со кое се поништува гласањето во собранието на општината за избор на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ (член 69 од Законот).

Решението се составува во потребен број примероци и по два примероци и се доставува на општинската, односно на општинските изборни комисии.

Врз основа на резгледувањето на записникот за работата на седницата на Собранието на општината ——————— и на другиот изборен материјал што го поднесла Општинската изборна комисија, а откако ги утврди неправилностите од суштествено влијание врз резултатите на изборите, и врз основа на одредбата на член 69 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, Републичката (Покраинската) комисија на ——————— донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Гласањето за избор на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ спроведено во Собранието на општината ——————— на ——————— година се поништува, бидејќи се утврдени неправилности при спроведувањето на изборите од суштествено влијание врз резултатите на изборите.

2. Гласањето ќе се повтори во рок од осум дена според одредбите на член 73 од Законот.

3. Решението да му се достави на наведеното собрание на општината.

Образложение

(Да се наведат причините поради кои се поништува гласањето.)

Републичка (Покраинска) изборна комисија на ———————

Во ———————, ——————— година.

Бр. ———————

Секретар, Претседател,

———————— ————————

**Поука за правниот лек**

